

**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ЛИЧНОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

***Борче (Борислав) Наумовски е познат во македонската културна и поширока јавност по низа раководни функции во областа на културата во Република Македониа. Меѓу другото, тој беше член на Извршниот совет на град Скопје, одговорен за образованието, науката и културата, секретар на Републичката самоуправна интересна заедница за култура, директор на Државниот архив и министер за култура на Република Македонија.***

Објавил повеќе публицистички трудови од областа на културата, политичкиот систем и политичката патологија. Автор е на книгите: „Писателите за Тито“ (1983), „Забранети

игри“ (1984), „Во канџите на злосторот“ (1985), „Невидливи замки“ (1986), „Општествената положна на културата“ (1986), “Искушенија на македонската транзиција“ (1997), „Креатори на стопанската преобразба“ (1998), „Македонски иселенички портрет“ (2004) и на монографијата „Катин“ (2004), како и на голем број авторски единици од наведените области, објавени во дневниот и периодичниот печат, од иселеништвото и од други области.

Носител е на бројни награди и признанија за својот придонес во сверите на културата, науката, образованието и јавниот живот на Република Македонија.

Борислав (Борче, како сите блиски го викаа) Наумовски беше познат и признат на македонската културна и општествена јавност по низа раководни фукции во областа на културата во Република Македонија, од кои позначајни беа: Член на Извршниот совет на Град Скопје, одговорен за образование, наука и култура; Секретар на Републичката самоуправна интересна заедница за култура; директор на Државниот архив на Македонија и Министер за култура, а последно до изборите 2011 беше член на Советот на Општина Центар.

Борче Наумопвски беше роден на на 3 март 1935 година во Битола, градот на конзулите, но неговите корени по мајкаму Спаса беа од село Чаниште, Мариово, а по таткому Спасе беа од село Брезово, Демир Хисар, кое се наоѓа на патот момеѓу селата Доленци и Зашле, оддалечено десеттина километри од магистралниот пат Кичево - Демир Хисар.




Меѓутоа, родителите на Борче се преселиле во Битола, каде тој е роден и каде го добил своето основно и средно образование. Тоа е градот за кој тој постојано зборуваше и се гордееше дека е роден токму таму, во Битола, центарот на Евреите во Македонија. Инаку, Битола е најголем градски центар во Пелагониската Котлина што се протега во југозападниот дел на Македонија.

Пелагониската Котлина припаѓа на Република Македонија, а еден нејзин дел припаѓа на Егејска Македонија што е во состав на соседна Грција. Пелагониската Котлина, иако е заградена со планини, сообраќајно е мошне добро поврзана со соседните и подалечните области.

Градот Битола е расположен на двете страни на реката Драгор, на надморска височина од околу 600 метри. Теренот на кој лежи градот е наведнат од запад кон исток, кон котлинското дно. Ваквата местоположба условува пријатна клима во текот на пролетните, летните и есенските месеци, додека, пак, зимите се студени и честопати градот е завиткан со магла и сињак.

Во близина на Битола се наоѓа археолошкиот локалитет на античкиот град Хераклеја Линкестис, основан во IV век пред нашата ера од Филип II, владетелот на Античка Македонија. Овој антички град доживеал бурна и славна историја преплетена со просперитети и разурнувања, но со навлегувањето на словенските племиња кон крајот на VI век, престанал животот на античкиот град Хераклеја.

Првпат името Битола се споменува во една повелба на цар Самуил од 1014 година под името „обител“ - старословенски збор што означува манастирски стан, семејство. Така, просветителската дејност на свети Климент Охридски била почувствувана и во Битола и Битолско. Во градот со голем број христијански храмови - цркви и манастири (обители) свети Климент имал свои ученици и се развивала Битолската препишувачка школа.

Ако Битола беше градот на младоста за Борче Наумовски, тогаш Скопје беше негов град на иднината. Во главниот град на Република Македонија, Наумовски ги постигна сите животни и творечки врвови.

Така во Скопје, меѓу другите функции Борче Наумовски беше секретар на Републичката самоуправна интересна заедница за култура на Република Македонија, од кога започна другарувањето со авторот на овие редови. На таа функција Наумовски поддржа бројни активности во областа на културата што се реализираа во Македонија. Тој беше поборник за афирмација на културните вредности на Македонија и македонскиот народ, затоа како државен функционер се трудеше македонската култура да стане дел од културата на македонскиот народ и таа да се афирмира и претстави надвор од

границите на Македонија.

Исто така, Борче Наумовски беше член на Извршниот совет на Народното Собрание на Социјалистичка Република Македонија, во својство на министер за култура. Тоа беше последниот Извршен совет формиран на 28 април 1986 година во поранешниот систем. По воведувањето на политичкиот плурализам и првите повеќепартиски избори, на 20 март 1991 година на местото на овој Извршен совет е избрана првата посткомунистичка влада во Република Македонија.

Во новите услови на државата во 1990 година Борче Наумовски беше именуван за директор на Историскиот архив на Република Македонија, каде остана две години на таа функција.

Инаку, Државниот архив на Република Македонија е формиран кус период по завршувањето на Втората светска војна, односно тој е формиран во 1951 година. Од 1926 до 1941 година Архивот е во склоп на Државниот архив на Србија во Белград. Меѓутоа, власта на Народна Република Македонија во 1949 година го создава Историскиот архив чија задача била да го собира и обработува архивскиот и мемоарскиот материјал поврзан со работничкото движење. Собраните материјали кои биле чувани од овој Архив денес се во депоата на Архивот на Македонија.

Со донесувањето на општиот Закон за државните архиви во Југославија во 1950 година на 6 јануари 1951 година Народното собрание на Народна Република Македонија го усвојува Законот за државните архиви со кој е поставен темелот за создавањето на Архивот на Македонија (тогашен Државен архив на НР Македонија), во кој денес авторот на овие редови има своја фондација под име „Катин“.

Борче Наумовски во текот на неговиот мандат во Архивот, меѓу другото, ги збогати регионалните архиви чија цел е поинтензивно да се собира, чува, заштитува и обработува архивскиот материјал кој се создавал во институциите на новата држава, но и со цел потемелно да се зафатат со собирање и заштита на архивскиот материјал што ќе послужи за проучување на историјата на македонскиот народ, како и да се воспостават добри односи со архивите на Балканот и особено со Турција.

Борче Наумовски и авторот на овие редови, Славе Катин, беа долгогодишни другари и соработници во областа на културата, новинарството и публицистиката. Така, тој е автор на делото „Македонски иселенички портрет“, во издание на „Македонска искра“ (2004), за кое дело ќе напише; *„Во еден подолг период Славе Катин го свртува вниманието на себе со својата динамична информативна и публицистичка дејност поврзана со иселеничкиот корпус поради што е централна фигура во односите меѓу црквата и државата, од една, и односите на државата, црквата и дијаспората, од друга страна. Ваквата негова позиција му овозможи номинација во разни друштва, здруженија и организации во Републиката и пошироко, а врз основа на тоа и учество на бројни симпозиуми, трибини и семинари во земјата и странство.*

*На барање од нивните организатори кои ги ценат и почитуваат неговите погледи по низа прашања од сферите во кои дејствуваат, Катин оствари исклучително богата и динамична комуникација со бројни субјекти во државата и светот. Тоа му овозможи да навлезе во суштината на проблемите со кои беа преокупирани Македонците во дијаспората, но и државните структури во земјата, кои во разни периоди имаа различни погледи кон иселеништвото, што е и причина за отсуството на една подолгорочна и конзистентна државна стратегија кон нив“.*








**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**